РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1569/1
15-04-2021

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 47ма седница прво продолжение, одржана на ден 09.04.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето** ----- -------- – член на управен одбор во ЈЗУ Институт за ------- --------- --------- – Скопје, затоа што по именување на наведената функција, продолжило како сопственик да управува со неговата приватна ординација ПЗУ Ординација по општа медицина ----- ------ -------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-8255/1 од 05.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ------ -------, член на управен одбор во ЈЗУ Институт за -------- --------- ------- – Скопје, поради тоа што по именување на наведената функција, продолжил како сопственик да управува со неговата приватна ординација ПЗУ Ординација по општа медицина ------ ------- -------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или* ***именувано*** *лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,* ***доколку управува со трговско друштво*** *или установа како сопственик,* ***е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело****, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 09.03.2021 година е утврдено дека наведеното лице по изборот на функцијата член на управен одбор во ЈЗУ Институт за -------- --------- ------- – Скопје, продолжил како сопственик да управува со неговата приватна ординација ПЗУ Ординација по општа медицина ------ ------- ------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ------ -------, со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот

на интереси, односно управувањето со неговата приватна ординација да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н –соработник
Одобрил: В.Г -член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk